**Корлан®** 0,25 мг таблета / **Корлан** 0,25 мг таблета
дигоксин

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството**

- Чувајте го упатството. Можеби Ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни праШања, обратете се кај ВаШиот доктор или фармацевт
- Овој лек Ви е препиШан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејЌи може да им наШтети дури и ако нивните симптоми се исти како ВаШите

**Внатрешното упатство содржи:**

1. Што претставува лекот Корлан и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да го земете/употребете лекот Корлан
3. Како да го земете / употребете лекот Корлан
4. Можни несакани дејства (ефекти)
5. Чување и рок на употреба на лекот Корлан

**1. Што претставува лекот Корлан и за што се употребува**

Една Корлан таблета содржи 0,25 мг (250 микрограми) активна материја дигоксин. Таблетите се бели или скоро бели , округли, биконвексни, со втиснат знак ПЛИВА на **едната страна.**
Во Корлан таблетите се содржат и некои помошни материи. Тоа се : лактоза, повидон, микрокристална целулоза, натриум скроб гликолат, колоиден безводен силициум диоксид, магнезиум стеарат.
Корлан таблетите се достапни во пакување од по 20 таблети; 2 блистера џ 10 таблети во кутија.

**Фармакотерапевтска група:**
Корлан припаѓа на група лекови кои се нарекуваат лекови со дејство на срцето; срцеви гликозиди; гликозиди на дигиталис.

Име и адреса на носителот на производителот:
ПЛИВА ХРВАТСКА д.о.о.
Прилаз баруна Филиповиќа 25,
10 000 Загреб, Хрватска

Име и адреса на носителот на одобрението за промет:
ПЛИВА Д.О.О.Е.Л-СКОПЈЕ
Никола Парапунов бб
СКОПЈЕ-МАКЕДОНИЈА

**За што се употребува Корлан**
Групата лекови наречени гликозиди на дигиталис, се употребува за лекување на одредени болести на срцето, како срцева слабост и одредени неправилности на ритамот на срцето.
Акутна и хронична срцева слабост.
Суправентрикуларни аритмии (атријална фибрилација, атријална ундулација, пароксизмална суправентрикуларна тахкардија).

**2. Што треба да знаете пред да го земете/употребете лекот Корлан**
Дигоксин е активна материја на таблетите Корлан , припаѓа на групата лекови гликозиди на дигиталис, а се употребуваат за лекување на одредени болести на срцето, како што се слабост на срцето и одредени неправилности на срцевиот ритам.
Ланикор таблетите се употребуват за лекување на:

- акутна и хронична слабост на срцето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

- суправентрикуларни аритмии (ундулација и фибрилација на атриумите, пароксизмална суправентрикуларна тахикардија(ундулација и фибрилација на атриумите, пароксизмална суправентрикуларна тахикардија).

**Не земајте Корлан таблети:**
- Доколку сте пречувствителни на дигоксин, останати гликозиди на дигиталис или на некоја помошна материја.
- Некои антибиотици (тетрациклини, макролиди,рифампицин).
- Лекови кои се употребуваат за лекување на епилепсии (фенитоин, фенобарбитал).
- Лекови кои се употребуваат за лекување на висок крвен притисок (хипертензија).
- Лекови кои помагаат во излачување на телесни течности (диуретици).
- Кортикостероиди и амфотерицин (против габичен лек).

Известете го Вашиот лекар или фармацевт доколку земате или во скоро време сте земале други лекови, вклучително и тие кои можат да се купат без рецепт.

**Бременост и доење**
Пред да земете лек советувајте се со лекар или фармацевт.
Употребата на Корлан треба да се одбегнува во тек на бременост и доење.
**Управување со возила и машини**
Нема податоци за влијание на Корлан таблетите врз способноста за управување со возила и работа со машини.
Важни информации за некои компоненти на **Корлан** таблетите
- Овој лек содржи лактоза . Доколку лекарот Ви рекол дека имате болест на неподнесување на некои шеќери, пред да почнете со земање на овој лек посоветувајте се со својот лекар.

**3. Како да се зема/употребува лекот Корлан**

Дозата на Корлан зависи од возраста, телесната тежина и работата на бубрезите. Корлан се зема во две фази:
- Почетна доза (доза на заситување)
- Втора доза(доза на одржување)

Подолу се наведени вообичаените дози:
*Возрасни*
- Брза дигитализација се спроведува само кај пациенти кои не примале дигиталис гликозиди во текот на претходните две недели. За брза перорална дигитализација се дава почетна доза од 0,5 - 0,75 мг, а дополнителни дози од 0,25 мг се даваат секои 6-8 часа ако е потребно и ако пациентот ги поднесува, се додека саканиот ефект не стане клинички евидентен. Просечната доза за време на почетниот 24-часовен период изнесува 1 – 1.5 мг.
- Бавна дигитализација се постигнува со перорални дози од 0,125-0,5 мг дневно.
- Кај пациенти со нормална функција на бубрезите “стеадѕ стате” концентрации во плазмата се постигнуваат за околу 7 дена.
- Вообичаена доза на одржување е 0,25 мг на ден.
- *Деца*
- Перорална ударна доза:

| Возрасна група | мг/кг/ден |
|---|---|
| предвреме родени бебиња и новороденчиња | 0,02-0,035 |
| 1 месец – 2 години | 0,035-0,06 |
| 2 – 5 години | 0,03-0,04 |
| 5 – 10 години | 0,02 – 0,035 |
| > 10 години | 0,01-0,015 |

- Пероралните ударни дози се даваат поделени во 3 или 4 дози, во интервали од 6 до 8 часа.
- Дозата на одржување е 25-35 % од пероралната ударна доза (кај предвреме родените бебиња 20 – 30 %).
- Таблетите се попогодни за деца постари од 2 години.
- *Дозирање кај пациенти со оштетена бубрежна функција*
- Кај пациенти со оштетена функција на бубрезите дозата треба да се прилагоди во зависност од сериозноста на оштетувањето и треба внимателно да се титрира.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

| Ниво на креатинин во серумот | Клиренс на креатининот | Доза |
|---|---|---|
| <1,2 мг/100 мл (106 μмол/л) | >70 мл/100 мин | вообичаена доза |
| <2,0 мг/100 мл (176 μмол/л) | >45 мл/100 мин | 1/2 од дозата |
| <3,0 мг/100 мл (264 μмол/л) | >30 мл/100 мин | 1/3 од дозата |
| >3,0 мг/100 мл (264 μмол/л) | <30 мл/100 мин | 1/4 од дозата |

Доза на одржување:
Во зависност од одговорот на детето на лекот, лекарот Ќе ја одреди дозата на одржување која е најприфатлива за него, а која веројатно Ќе изнесува петина или четвртина од почетната доза.

**Што се прави доколку се предозирате со Корлан?**

- Доколку по грешка земете повеќе таблети , Веднаш јавете се кај лекар/оддел за итна медицинска помош во најблиската болница. Немојте да заборавите да понесете со себе амбалажа на лекот и сите преостанати таблети.

Доколку заборавите да ја земете својата доза од лекот, земете ја во тој момент без да ја удвојувајте дозата.

**4. Можни несакани дејства (ефекти)**

Како и сите други лекови Корлан таблетите можат да предизвикаат неаскани дејства.
Чести несакани дејства (може да се јават кај повеќе од 1 од 100 болни, но помалку од 1 на 10 болни)

- Забавен пулс (брадикардија).
- Нарушување на видот.
- Мачнина,пролив,повраќање.
- Зголемување на градите кај мажи (гинекомастија).
- Алергиски кожни реакции (осип на кожата, уртикарија со јадеж).

Многу ретки несакани дејства (може да се јават кај помалку од 1 на 10000 болни)

- Конфузност, депресија,безволност.
- Губење на апетит (анорексија)
- Слабост.
- Забрзан пулс (тахикардија).

Несакани дејства чија зачестеност не може да се утврди од достапните податоци

- Намалување на број-от на одредени крвни клетки (тромбоцити,еозинофили).
- Одредени нарушувања на срцевиот ритам.
- Болка во стомакот.
- Губење на апетит и тежина.
- Оштетување на функцијата на бубрезите.

**Доколку приметите билокакво несакано дејство потребно е да го известите лекарот или фармацевтот.**

**5. Чување на лекот Корлан**

*"Лекот чувајте го на места недостапни за деца"*
Да се чува на температура до 25 °Ц.

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата.*

**Начин на издавање**
"Лекот се издава во аптека само врз основа на рецепт"

**Број на одобрението за ставањето на лекот во промет**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**